# „Кога Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, одеше по нужда, јас и уште едно момче на мои години носевме мешина со вода и стап налик на копје, па тој се чистеше со вода.“

Енес бин Малик, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: „Кога Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, одеше по нужда, јас и уште едно момче на мои години носевме мешина со вода и стап налик на копје, па тој се чистеше со вода.“
[صحيح] [متفق عليه]

Енес бин Малик, Аллах нека е задоволен со него, објаснува дека секогаш кога Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, излегувал за извршување на природната потреба, тој и едно момче на негова возраст го следеле. Со себе носеле стап со наострен врв налик на врв на копје – кој служел како преграда за намаз или за закачување покривка што му обезбедувала приватност – и мал кожен сад со вода. Откако Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, ќе завршел, тие му ја подавале водата за да се исчисти со неа.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee